РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2147/2
20-09-2021 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошен текст ДКСК), на продолжението на 51-та седница одржана на 01.09.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2147/1 од 08.06.2020 година од познат подносител **СЕ ОТФРЛА** од причина што во пријавата не се наведени јасни наводи или укажувања за незаконитости или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност.

Предметот со број 12-2147/1 оформен врз основ на доставената пријава да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-21471 е оформен врз основа на пријава број 12-2147/1 од 08.06.2020 поднесена од подносителот --------------- насловена како Известување. Известувањето се однесува на член 206 од Кривичниот законик „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија", а поврзано со Уредбата со законска сила за постапка за издавање на дозволите за движење во време во кое е утврдена забрана за движење за време на траењето на вонредната состојба (Сл. Весник на РСМ 90/20) каде е пропишана процедурата за издавање на овие дозволи. Реакцијата произлегува од издавање на дозволи на лица за присуство на емисии во живо кои се емитуваат на ТВ Алфа, иако лицата не спаѓаат во категорија лица за кои е предвидено изземање.

По проверка на наводите од пријавата ДКСК констатира дека изнесените наводи не се однесуваат на укажувања за незаконитости или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц, раководител на одделение
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk